Република Македонија
Национална установа
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА
СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Бр. 01-3691/1
31.12.2013 год.
Штип

Врз основа на член 104 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. Весник на РМ бр. 20/2004. 115/2007. 18/2011, 148/2011, 23/2013 и 137/2013) и член 14 точка 16 од Статутот на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Штип, директорот на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Штип, донесува

# ПЛАН

## за превентивна заштита на културното наследство од незаконски дејствија со план за итна акција во случај на незаконски дејствија

Согласно законската обврска од член 104 од Законот за заштита на културното наследство за донесување на планови за безбедносна заштита на културното наследство, Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Штип (во натамошниот текст НУ Завод и Музеј – Штип) во својство на регионална јавна установа задолжена за заштита на културното наследство за општините Штип, Кочани, Зрновци, Облешево -Чешиново, Радовиш, Конче, Свети Николе и Лозово, ја планира безбедносната заштита на културното наследство во овој регион во кој се наоѓа значајно недвижно културно наследство, како и музејски збрки на движно културно наследство сместени и изложени во музејски згради и музејски депоа на НУ Завод и Музеј – Штип како и во христијански и исламски сакрални објекти во надлежност на МПЦ – Брегалничка Епархија и Исламската верска заедница на РМ, приватни збирки, здруженија на граѓани и приватни лица – колекционери.

Со цел на адекватна и ефикасна безбедносна заштита на културното наследство ставена во надлежност на НУ Завод и Музеј – Штип со Планот за превентивна заштита на културното наследство се предвидуваат превентивни мерки за заштита на недвижното и движното културно наследство од незаконски дејствија, субјектите одредени за превземање на превентивните мерки во случај на незаконските дејствија насочени кон недвижното и движното културно наследство односно организациони мерки за техничко обезбедување, а за културното наследство од особено значење мерки на електронски надзор, а со Планот за итна акција во случај на незаконски дејствија се предвидуваат видовите на акции и мерки што се превземаат во случај на незаконски дејствија и мерките кои се превземаат, односно планирање на оперативна и организациона структура за делување и планирање на мерки за против дејствија на настанатите незаконски дејствија.

## ПЛАН

## за превентивна заштита на културното наследство од незаконски дејствија

Со цел да не дојде до настапување на ситуација на присуство на незаконски дејствија кои би можеле да ја нарушат безбедносната заштита на културното наследство кое е во надлежност на НУ Завод и Музеј – Штип ќе се предвидат и превземат претходни превентивни мерки за континуирано физичко и техничко обезбедување на недвижното културно наследство како и музејските поставки и депоа каде се изложени или сместени вредни збирки на движно културно наследство, а за културното наследство од осбено значење ќе се спроведе електронски надзор на недвижното и движното културно наследство.

НУ Завод и Музеј – Штип располага со повеќе објекти – музејски згради каде е презентирано и депонирано движно културно наследство. Тоа се: Музејска зграда, Аневи Гочеви објект Б каде се наоѓаат депоата за археологија, етнологија и современа ликовна уметност и конзерваторска лабораторија за текстил. Објект А, Куќа на браќа Арсови каде што е сместена постојана Историска поставка како и депоата од историско одделение и конзерваторска лабораторија за дрво, керамика и икони. Во спомен куќата на Славчо Стојменски се поместени етнолошки и историски предмети, Галеријата на икони во црквата Свети Никола Штип и Света Богородица каде што имаме постојана поставка на највредните икони и депо со останатите икони кои не се постојано изложени, Уметничка Галерија Безистен каде се наоѓа постојана поставка на современа ликовна уметност.

Бидејќи депоата се сместени во различни објекти прилагодени според расположливите услови и простор на институцијата, за ракување на истите е задолжено посебен ракувач на депо како што би требало тоа да биде според валидните закони и правилници. Управната зграда е обезбедена со постојан физички надзор и е поставен соодветен видео надзор. Исто така во депоата пристап имаат самите кустоси или евентуално и другите стручни лица во присусутво на задолженото лице кој единствено поседуваа клучеви од депоа. Депоата не се обезбедени со сигурносни врати. За Куќата на Славчо Стојменски не е обезбдена физичка заштита и таа се отвара по потреба. Уметничката Галерија Безистен не е физички обезбедена. Галеријата на икони е комплетно обезбедена и со физички надзор обебзбеден од страна на лица од МПЦ и е инсталиран видеонадзор. Археолошкиот локалитет Баргала континуирано е обезбеден со физичко обезбедување 24 часа.

За поголема безбедносна заштита на културното наследство треба да се превземат следните мерки:

- Да се обезбеди континуирана физичка заштита на објектите со организирана чуварска служба и тоа преку ден со чувари билетопродавачи, а во ноќните часови со ноќни чувари кои ќе вршат примопредавање на должноста и состојбата на објектите и движното културно наследство преку регистрирање на истата во книга за дежурство со потпишување на чуварите со своерачен потпис.
- Сите објекти каде има изложбени поставки и депоа да бидат технички обезбедени со целосна покриеност како на депоата така и на изложбените витрини со камери поврзани со монитор кој во текот на работното време ќе биде под надзор на чуварот билетопродавач, а во ноќните часови ќе бидат контролирани од ноќен чувар кој во случај на потреба ќе интервенира со цел соодветна заштита на истите. Исто така преку сензори и преку специјални уреди за дојава во случај на кражба ќе биде известен директорот, ресорниот кустос и ќе биде дирекно поврзано со полициската станица.
- За поголема безбедност по потреба на сите објекти може да биде организирана и приватна агенција за обезбедување која на секои два часа ќе патролира до сите објекти, ќе ја следи безбедносната ситуација и по потреба и ќе интервенира.
- Во случај на поголема посетеност во текот на летната туристичка сезона да се обазбеди поголемо физичко обезбдедување во текот на работното време.
- Во музеите и во управните згради каде што се лоцирани депоата потребно е соодветните простории во кои е сместено недвижното културно наследство и музејскиот материјал да се обезбеди со сигурносни брави а со сензори да бидат обезбедени вратите и прозорците и истите да бидат поврзани со алармниот систем и со полициската станица.
- Сите музејски и управни згради покрај техничката заштита да имаат и континуирана физичка заштита која би се вршела со организирана чуварска служба со обучени и вооружени чувари кои поседуваат лиценци за обезбедување.
- Во случај на пренос на артефактите од депоата во изложбените простории и обратно или пренос на истите на конзервација или презентација во друг град или држава потребно е да се обезбеди вооружена полициска придружба на возилото со кое се транспортираат артефактите за цело време на движење на возилата.

Покрај физичката и техничката заштита на движното културно наследство во поставките и депоата ќе се врши и нивна заштита од пожар и други оштетувања.

Движното културно наследство како што се иконите, делата од штафелајно сликарство, старите ракописи, историските, етнолошките и останатите предмети, со цел нивна заштита од пожар се сместуваат во метални ормари погодни за транспорт.

Во сите музејски и управни згради во кои се изложени артефакти или во соодветните депоа неопходно е поставување по два противпожарни апарати за гаснење на пожар, а во поставките со повеќе катови по два апарати на кат и два апарати во секое депо. Во близина на овие објекти неопходно е да има хидрантна мрежа со целокупна опрема за опслужување која во секое време треба да биде во исправна состојба.

Во објектите каде не е спроведена хидрантна мрежа или пак до објектите тешко се доаѓа со противпожарно возило треба да се обезбеди пристап до водоводната мрежа со црево кое достигнува до славината на објектот кој се заштитува или пак во случај на немање на водоводна мрежа треба да се обезбеди базен со вода и одредена количина на песок за гаснење на евентуален пожар и прирачни средства за гаснење како што се кофи, лопати и слично.

Во сите музејски поставки и депоа треба да се инсталираат јавувачи на пожар поврзани со алармна централа поврзана со општинската ПП служба.

# ПЛАН

## за итна акција во случај на незаконски дејствија

Во случај на настанување на незаконски дејства со кои се нарушуваат безбедносната заштита на културното наследство и нивниот интегритет со оштетување и отуѓување на културното наследство и музејскиот материјал изложен во музејските простории или депониран во депоата реагираат субјектите наведени во планот за превентивна заштита на културното наследство од незаконски дејствија и тоа преку ден во работното време чуварите билетопродавачи кои во случај да приметат отуѓување или оштетување на артефактот за истото веднаш треба да го известат директорот и полициската станица, додека ноќните чувари во случај на обид за нарушување на безбедносната состојба веднаш интервенираат и ги обеспособуваат напаѓачите и за истото го известуваат директорот и дежурните служби на СВР.

Во случај кога сите во сите објекти би биле поставени соодветните технички средства за техничка обезбеденост, при било какви несакани дејства би се активирале алармните уреди кои би предупределе за несаканите дејства, а соодветниот видео надзор би помогнал во откривањето на сторителите на тие несакани дејства.

Во случај на противправно дејствие во тек на работното време по соодветна пријава веднаш интервенира полицијата со приведување на нарушителите на безбедносната заштита на културното наследство.

Полициската патрола или патролата од ангажираната агенција за обезбедување делува веднаш  и во случај на вклучување на алармот директно поврзан со дежурните служби и се преземаат сите мерки за обезбедување на објектите и артефактите при што благовремено се известуваат надлежните органи при НУ Завод и Мзуеј – Штип  заради превземање на други мерки за обезбедување и заштита на обејктите и артефактите.

Во случај на пожар на управната и останатите музејски згради веднаш се интервенира со прирачните апарати за гаснење на пожар, а таму каде што има хидрантна мрежа веднаш се активираат хидрантите и се гасне пожарот. Претходно се известува општинската противпожарна служба , се известува директорот на установата и по можност се мобилизира населението од соседните објекти на објектот во кој настанал пожарот. При тоа се пристапува кон евакуација на присутните лица и движното културно наследство од поставките и депоата. Во таков случај веднаш се пристапува кон

обезбедување на артефактите од изложбата и депоата и истите се изнесуваат спаковани во метални каси на поголема оддалеченост од огнот. При гаснењето на пожарот се настојува да не се оштетуваат артефактите при употребата на средства за гаснење како и при нивниот пренос до обезбедено место оддалечено од огнот.

Во таков случај се ангажираат и се мобилизираат вработените од НУ Завод и Мзуеј – Штип кои превземаат мерки за заштита на артефактите и нивното пренесување во други безбедни простории.

Во сите случаи на превземање на итна акција во случај на незаконски дејствија службените лица на НУ Завод и Музеј – Штип најнепосредно соработуваат со локалните жители, стручните служби на СВР и ПП заштита, општинските и државните органи се со цел ефикасно да се заштити културното наследство од противправни незаконски дејства, оштетување или  нивно оттуѓување.

Директор,

Зоран Читкушев